www.upoz.org.mk

Синдикален

# Билтен

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 49 (1) ЈАНУАРИ - МАРТ 2008

### ЧЕТИРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 07.02.2008 ГОДИНА

# ПОВТОРНО ОДЛУКА ЗА ШТРАЈК

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на Четиринаесеттата седница донесе Одлука за штрајк во сите судови во Републиката. Лошите решенија во Предлог - законот за судска служба и неприфаќањето на предлозите на Синдикатот на УПОЗ, не оставија никого рамнодушен од вработените. Незадоволството кулминира во моментот на реализација на некои законски одредби со кои вработените во правосудните органи се ставаат во нееднаква положба.

Четиринаесеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ имаше само една точка на дневниот ред - Одлука за организирање генерален штрајк во сите судови во Република Македонија.
Причината е добро позната, особено кога се работи за вработените во правосудните органи и нивниот работодавач. Игнорирањето на синдикатот односно на неговите конструктивни предлози во врска со Предлог - законот за судска служба ја прели чашата на незадоволството. Правосудството е рекордер по бројот на штрајкови, пред се за поголеми плати. Меѓутоа, вакво огромно незадоволство и револт, досега никогаш немало. Последната недела од јануари, телефоните во Синдикатот на УПОЗ непрестано звонеа, се јавуваа претседателите на синдикалните организации, членовите, вработените, со барање да се донесе одлука за штрајк.

Членовите на Претседателството на седницата на која расправаа во врска со ова, едноставно не можеа да донесат поинаква одлука.Така, според одлуката, своето предупредување до надлежните ќе биде искажано на 18, 19 и 20 февруари кога ќе се штрајкува во сите судови. Ова ќе биде воедно и последно предупредување до нив конечно она што го ветуваа и да го исполнат - дека со донесувањето на Законот за судската служба ќе биде подобрен нивниот работно- правен статус, дека платите
ќе се зголемат, ќе се подобрат условите за работа. Од ветувањата ништо.

Огромното незадоволство од тоа што предлагачот на законот - Министерството за правда, едноставно не сака да ги прифати предлозите
на Синдикатот на УПОЗ, дури и оние кои не се однесуваат на зголемувањето на платите, како и експресното донесување на Законот за платите на судиите, не оставија никого рамнодушен. Имено со тој закон, на носителите на правосудните функции им се регулираа сите права со платите и надоместоците од плата, што не е случај и со судските службеници.
Затоа едно од барањата на штрајкот е, не да се намалуваат нечии права туку сите вработени да имаат еднакви права, бидејќи тоа им го гарантира Уставот а нивните права се регулирани и во Законот за работни односи и колективните договори.

Со цел штрајкот да биде ефикасен, ќе се бараат преговори со цел да се дојде до прифатливо решение а доколку до тоа не дојде, на 3 март повторно ќе биде организиран штрајк и тој ќе биде подолготраен се додека не се постигне конкретен договор.

Инаку штрајкот ќе се одвива во работните простории, првиот и третиот работен ден кога сите вработени ќе бидат пред влезовите на судовите а вториот ден ќе биде организиран протест пред Собранието и Владата на РМ како и Министерството за правда.




Протест на вработените од судовите во Република Македонија

Согласно членот 236, став 2 и 5 од Законот за работни односи и согласно Статутот на Синдикатот на УПОЗ, Претседателството на Синдикатот на седницата одржана на 7. 02. 2008 година донесе

# О Д Л У К А

**За организирање Генерален штрајк во правосудните органи**

**1. Причини, место на одржување и времетраење на штрајкот**

а) Одлуката за организирање на генерален штрајк е донесена како резултат на отсуство на желба од страна на надлежните за решавање на проблемот со платите на вработените во судската служба.;

Дополнителна причина е и зголемувањето на надоместокот за исхрана на носителте на правосудните функции според Законот за плати (од 1 јануари 2008 година), со што се создаде нееднаквост меѓу вработените и впечаток дека за една категорија вработени (судиите) секогаш има средства а за друга категорија (судската служба) нема.

б) Штрајкот ќе отпочне на 18 февруари и ќе трае до 20 февруари 2008 година;

в) Штрајкот ќе се одвива во работните простории на основните и апелационите судови а на 19 февруари ќе се одржи протест пред Собранието, Владата на РМ и Министерството за правда;

г) Штрајкот ќе се одвива согласно Законот за работни односи и Упатството за начинот на организирање и водење штрајк.

**2. Барања**

а) Еднакви права за сите вработени во правосудните органи:

б) Донесување на Законот за судска служба во кој ќе се вградат забелешките на Синдикатот на УПОЗ;

в) Потпишување на колективните договори.

Синдикатот на УПОЗ бара до почетокот или за време на штрајкот преговори со надлежните институции заради изнаоѓање позитивни решенија

Доколку дотогаш не се остварат преговори, членовите на Синдикатот на УПОЗ повторно ќе стапат во повеќедневен штрајк на 25 февруари 2008 година

**3. Доставување на одлуката**

Одлуката да се достави до претставниците на Извршната власт (Владата и Министерството за правда) и Судската власт (претседателот на Судскиот буџетски совет) до отпочнувањето на штрајкот да отпочне постапка на помирување, согласно Законот за работни односи, член 236, став 3.

Претседател,
Ванчо Муратовски

## СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НА ПРОТЕСТ ВО СКОПЈЕ

Согласно Одлуката на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, сите вработени од судовите во Република Македонија, на 19 февруари дојдоа на протест во Скопје. Под мотото - „Нема да дозволиме неправдата да влезе во палатата на правдата,„ речиси сите вработени од правосудните органи, организирани од својот синдикат, дојдоа во Скопје да го искажат револтот бидејќи нивните реакции на неправдите кои им се нанесени, очигледно никој не (сака да) ги слуша.

На денот на протестот, околу 11 часот, пред зградата на ССМ почнаа да се собираат вработените од судовите од целата држава. Се собраа над 2000 вработени, без малку целата судска администрација од судовите во РМ со бројни транспаренти и пораки до власта.  На присутните прв им се обрати претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски. Тој најпрво ги поздрави присутните и им искажа почит што се единствени во барањата и што заеднички ќе се направи обид да и се испрати последната опомена и порака на власта.

Учесниците на протестот потоа се упатија кон зградата на Собранието на РМ каде на народните пратеници им порачаа да водат сметка кога ги донесуваат законите бидејќи од нив добиле мандат и треба да работат во интерес на граѓаните. Таквото барање особено се однесуваше на Законот за судската служба кој наскоро треба да биде донесен. Потоа учесниците на протестот се упатија пред Министерството за правда каде накусо ги искажаа барањата од штрајкот со цел уште еднаш да го потсетат министерот. Крајната дестинација беше Владата на РМ каде организаторите побараа прием со цел и пред извршната власт да ги истакнат нивните проблеми и да ја потсетат дека таа е најодговорна и дека треба да направи нешто конкретно.

Претставници на Синдикатот на УПОЗ на средбата со претставниците на Владата уште еднаш им ги пренесоа барањата и побараа Владата итно да расправа по истите. Тие ветија дека за тоа ќе го информираат премиерот и ќе побараат од него проблемите на вработените судски службеници да ги постави на првата наредна седница.

Со оглед на тоа што и претходниот ден претставници на Синдикатот на УПОЗ беа примени на разговор кај заменик министерот Сашо Василевски, учесниците на протестот се договорија, доколку до 3 март не биде позитивно оговорено, штрајкот да продолжи уште пожестоко и да трае до исполнување на барањата.

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ШТРАЈКОТ

На 26 февруари, согласно претходните разговори, продолжија активностите и преговорите на Синдикатот на УПОЗ со претставниците од Министерството за правда. Од Синдикатот на УПОЗ во разговорите учествуваа претседателот Ванчо Муратовски, генералниот секретар Пецо Грујовски и неколку претседатели на синдикалните организации на судовите. Претставници во преговорите од Министерството за правда беа, заменик министерот Сашо Василевски, претседателот на Работната група за подготовка на Законот за судска служба Димитар Георгиевски и Шефот на кабинетот на министерот за правда Николчо Лазаров.

За првпат од најавата и почетокот на штрајкот, претставниците на Министерството за правда, пред преставниците на Синдикатот излегоа со конкретни предлози и рокови за надминување на проблемите. Тие известија дека побарале од Судскиот буџетски совет најдоцна до 5 март да бидат информирани за можностите за зголемување на платите со конкретни показатели врз основа на кои најдоцна до 11 март ќе биде подготвена информација која ќе биде доставена до Владата на РМ и по истата таа би расправала најдоцна до 25 март. Претставниците на Министерството за правда се обврза дека на 17 март, на претставниците на Синдикатот ќе им ја презентираат информацијата.

Ваквите конкретни предлози значеа чекор напред во преговорите кои беа прифатени. Меѓутоа преговарачката група на Синдикатот на УПОЗ се одлучи сепак да бидат информирани сите синдикални организации и истите да се изјаснат во врска со штрајкот за една од двете понудени варијанти:

1. И покрај овие ветувања штрајкот да продолжи на 3 март и да трае до исполнување на барањата додека не се постигнат соодветни решенија; и
2. Доколку одговорот од Министерството за правда на 17 март е неприфатлив и неконкретен, штрајкот да продолжи на 31 март и да трае до исполнување на поставените барања.

По изјаснувањето на Синдикалните организации, на 29 февруари се одржа состанок со сите претседатели на кој се произнесоа по еден од двата предлози. Мислењата беа поделени и имаше аргументи за и против штрајкот да продолжи на 3 март. Меѓутоа, преовлада ставот дека во толку кус рок до 3 март сепак не ќе може да се дојде до конкретни решенија, заради што присутните на состанокот се определија за практично решение со кое ќе им се даде можност на надлежните, доколку се придржуваат до предложените термини да понудат позитивни одговори. На состанокот затоа беше договорено штрајкот, наместо на 3 март, да продолжи на 31 март - Денот на правосудството со протест во Скопје.

**Се повеќе членови користат средства од Солидарниот фонд**

## СОЛИДАРНОСТ ПО ПОВЕЌЕ ОСНОВИ

Во текот на 2007 година до Комисијата на Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ пристигнаа 182 барања а од нив комисијата позитивно реши 161. Одбиените барања се резултат на некомплетна доставена документација или пак неисполнување на условите согласно Правилникот. Така, по разни основи доделени се неповратни средства на членовите на Синдикатот на УПОЗ во износ од 1.483.501,00 или за 8% повеќе од претходната година.

Во текот на минатата година се поделени и вкупно 94 позајмици, во вкупен износ од 1.128.000,00 денари. Позајмиците чиј поединечен износ по барател, член на Синдикатот е од 12.000,00 денари, се повратни средства кои се враќаат на 12 рати без камата.




## Се одржа Деветнаесетта синдикална школа на Синдикатот на УПОЗ

# ТРИ АКТУЕЛНИ ТЕМИ ЗА ЕДУКАЦИЈА

Деветнаесеттата синдикална школа на УПОЗ се одржа во вообичаениот термин, третиот викенд од месец февруари, од 20 до 23 февруари 2008 година. Хотелот „Дрим„ и Струга беа местото каде дојдоа околу стотина слушатели на оваа едукативна средба која повеќе години наназад е дел од активностите на Синдикатот на УПОЗ.

Како што е вообичаено на синдикалните школи и на оваа, деветнаесетта по ред, беа презентирани три актуелни теми кои можат да бидат од непосредна корист за членовите на синдикатот. Предавачите со огромен ентусијазам се обидоа пред слушателите на најдобар можен начин да ги презентираат темите и да го привлечат вниманието на присутните.

„Проблемите на управувањето во јавниот сектор, трансформацијата и улогата на синдикатот во тие процеси„ беше првата тема со која беше отворена Деветнаесеттата синдикална школа. Нејзин предавач беше д - р Мирко Трипуноски, декан на Економскиот факултет при ФОН универзитетот во Скопје. Образлагајќи ја темата тој истакна дека периодот на силна поддршка на синдикатот е периодот кога владата ги поттикнуваше синдикалните активности. Таквиод период тој го лоцира во годините кога во нашата држава на секој вработен му беше гарантирано работното место а правата од работен однос беа доследно почитувани.

Но, новото време донесе промени и во синдикалното организирање и во неговото дејствување. Така, во овој период со измените на Закон за здружен труд како и во новиот текст на овој закон беа „ограничени„ многу елементи во синдикалното делување. Последната декада од 20 - от и првата декада од 21 - от век се период на вистински турбуленции во работата и дејствувањето на синдикатот.

М - р Лазар Јовевски, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први„ од Скоје, беше вториот предавач. Тој пред слушателите зборуваше за една мошне актуелна тема која е присутна речиси секојдневно или пак најчесто при промена на власта - „Распоредувањето и прераспоредувањето согласно законските прописи (Законот за работни односи и Законот за државните службеници)„. Тој нагласи дека распоредувањето и прераспоредувањето не се исти поими иако тие се поврзани и се надополнуваат. Прераспоредувањето значи дека работникот кој е вработен се преместува од едно на друго соодветно работно место и тоа треба да биде од времен карактер. Преместувањето не е поврзано со унапредувањето во кариерата.

Меѓутоа и распоредувањето и прераспоредувањето се прашања кои треба да се уредени со Законот за работни односи и Законот за државни службеници. Изненадува фактот што во Законот за работни односи не е директно уредено прашањето на распоредувањето и прераспоредувањето на работникот иако во него посредно можат да се препознаат овие поими. Но затоа пак ова прашање е уредено во Законот за државни службеници. Но како и да е, според предавачот м - р Лазар Јовевски, најдобро е прашањето на распоредувањето и прераспоредувањето да се уредува со колективните договори.

„Остварувањето на надомест на штета од работен однос„ беше третата тема презентирана пред слушателите на Деветнаесеттата синдикална школа. Предавач беше Ангел Ристов, помлад асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први„ од Скопје. Самиот факт дека работникот на работното место може да претрпи материјална и нематеријална штета укажува на тоа дека доколку бидат исполнети општите услови и штетата настанала во врска со работата односно за време на работата, тој има право на надомест на штета. Нематеријалната штета најчесто се појавува како нанесување на физичка и психичка болка како резултат на повреди на работното место, инвалидитет, професионална болест или промени кои доведуваат до намалување на работната способност.

Од друга страна и работникот може да биде причинител на штета во случаи кога треба да бидат исполнети, покрај општите услови за причинување на штета, да постои и штетно дејство, штета и причинско последична врска. Така, штета на работодавачот

►►► 4

►►► 3

во рамките на работниот однос можат да му причинат еден или повеќе работници. Во зависност пак од бројот на работниците кои ја предизвикале штетата, таа може да биде индивидуална или колективна, истакна предавачот Ристов.

Бројните прашања поставени до предавачите, полемиките и дискусиите кои се водеа после секое предавање, зборуваат за интересот со кој предавањата беа следени. Слушателите на Деветнаесеттата синдикална школа беа информирани и околу некои дилеми кои произлегоа со потпишувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор, за важноста на постоечките колективни договори и нивната примена.

Од организациски аспект и оваа школа беше одлично подготвена, со три актуелни теми и компетентни предавачи. Меѓутоа, релативно помалиот број слушатели во однос на претходните години, како и неприсуството на слушатели од поголемите синдикални организации, се отворени прашања за кои треба да се разговара. Според структурата на учесниците, на неа беа присутни учесници од околу 20 синдикални организации. Доколку продолжи ваквиот тренд, со право ќе се постави и прашањето за натамошното опстојување на досегашниот концепт. Исто така, забележливо беше малото учество на членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и неприсуството на ниту еден член од нивните организаци.

На крајот, секој од учесниците доби Диплома за учество на Деветнаесеттата синдикална школа.

Врз основа на член 54 од Статутот на Синдикакатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ, Претседателството на Синдикатот на седницата одржана на 11.03.2008 година донесе

## О Д Л У К А

1. Корисници на средства од Фондот на Синдикатот на УПОЗ и неговите синдикални организации можат да бидат само членовите кои редовно ја уплаќаат синдикалната членарина најмалку шест месеци.

2. Член на Синдикатот на УПОЗ кој користел средства од Солидарниот фонд или од Синдикалната организација по било кој основ и без разлика на висината на паричните средства, не може да истапи од членство во Синдикатот најмалку две години од денот на добивање на паричната помош или било каква друга помош од Синдикатот.

3. Ваквите одредби се со цел да се оневозможи во Синдикатот да се зачленуваат вработени кои по искористувањето на било каква помош, да истапат од Синдикатот и да се елиминираат било какви манипулации.

4. Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател,
Ванчо Муратовски

**Писмо до Генералниот секретар на Европската федерација на синдикатите од јавниот сектор (ЕПСУ)**

# ПРОБЛЕМИТЕ ГИ ПРАВИ КРУТАТА И НЕФЛЕКСИБИЛНА ВЛАДА

Синдикатот на УПОЗ во почетокот на март упати писмо до Генералниот секретар на Европската федерација на синдикатите од јавниот сектор (ЕПСУ) со кое се информира за положбата на вработените во судската служба во Македонија наспроти носителите на правосудните функции, односно нивната нееднаквост во поглед на правата од работен однос.

Како пример се наведува двојниот аршин направен во поглед на правото на надомест за исхрана како и состојбата со платите кои во 2002 година беа во соодност 1:3, до сегашниот 1 : 8 пати. Додека платите на судските службеници остануваат исти, платите на судиите од 2002 година до денес се зголемени за повеќе од 150 %.

Истовремено Синдикатот на УПОЗ го информира Генералниот секретар на ЕПСУ дека во подготовката на текстот на Законот за судска служба, Синдикатот ниту беше вклучен ниту беше побарано мислење од него. Напротив, дури откако Владата го даде Предлогот на текстот на законот во Собранието и на инсистирање на Синдикатот, тој беше вклучен во расправите а неговото мислење и предлози, предлагачот на Законот воопшто не ги респектираше. Заради таквиот однос дојде и до тридневен Генерален штрајк во правосудните органи во Македонија.

Синдикатот на УПОЗ во писмото укажува и на крутиот и нефлексибилен однос на власта и искажува песимизам дека до рокот за кога е закажано продолжението на штрајкот, 31 март 2008 година, воопшто може да дојде до конкретно решение.

Истовремено Синдикатот на УПОЗ го информира Генералниот секретар на ЕПСУ и со проблемите со кој се соочува Синдикатот на УПОЗ како и Федерацијата на која припаѓа - ССМ со доаѓањето на власт на актуелната Влада, од есента 2006 година. Имено, во писмото се потенцира дека од тогаш замре и онака слабиот социјален дијалог а актуелната Влада потпиша Општ колективен договор за јавниот сектор со нерепрезентативен синдикат, како и противзаконските дејствија на партиски директори во државните органи кои со закани ги принудуваат вработените да преминуваат во Конфедерацијата на слободни синдикати.

На крајот од писмото се бара ЕПСУ да интервенира и да и укаже на Владата за сите вакви дејствија кои се спротивни, не само на законите туку и на меѓународните конвенции и да ја поттикне на разговори и респект на Синдикатот.

## ПЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (11. 03. 2008 ГОДИНА)

# РАЗГЛЕДАНИ ПОВЕЌЕ ИЗВЕШТАИ

Оваа седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беше мошне обемна и со повеќе точки на дневниот ред: Иницијатива за измени на Законот за државни службеници, Извештај за работата на Синдикатот на УПОЗ во 2007 година, програмски активности за оваа година, Финансиски извештај на Синдикатот и Солидарниот фонд како и Информација за одржаната Деветнаесетта синдикална школа. Членовите на Претседателството беа информирани и за тридневниот штрајк во правосудните органи и текот на активностите во врска со барањата на вработените на судските службеници.

Иницијативата за измени на Законот за државни службеници ја поднесе синдикалната организација на Локалната самоуправа на Кочани со образложение дека таа е основана и дека доколку биде прифатена, тоа може стимулативно да дејствува кај државните службеници со средно образование а истовремено би значело и исправање на неправдата која што им е направена. Имено, разликата во платите меѓу државниот службеник со звање помлад референт (со средно образование) и државниот службеник со звање Раководител на Сектор (со високо образование) е повеќе од трипати.

На седницата присусутвуваше и Биљана Николовск - Жагар, советник во Агенцијата за државни службеници која информира дека иницијативата е доставена и до Агенцијата која позитивно ќе одговори. Присуството на претставникот од Агенцијата беше искористено и беа покренати и други прашања околу дискреционите овластувања на именуваните лица, дисциплинските постапки, исплатата на минатиот труд и др.

Извештајот за работатакој беше разгледан на седницата претставува само пресек на работењето на Синдикатот на УПОЗ во минатата година и своевиден регистер на неговите активности. Во него беа содржани информациите околу социјалниот дијалог и колективните договори, зголемувањето на платите, пружањето на правна помош на членовите, синдикалната едукација, меѓународната соработка и други активности. Извештајот беше прифатен со заклучок дека Синдикатот на УПОЗ во 2007 година остварил бројни активности насочени во правец на подобрување на работно - правниот статус на своите членови, но дека за дел од проблемите како што се неправичното зголемување на платите, новото работно време, остварување на правата од колективните договори, проблемите на вработените во правосудните органи и други прашања, ќе претстојат и други активности во оваа година. Во таа насока набележани се и активностите за 2008 година а пред се активностите за подобрување на економско - социјалната сигурност, превентивната и судска заштита, придобивање на нови членови и други активности кои биле приоритетни и во изминативе години.



Позитивни оценки на седницата имаше и по Извештајот за финансиското работење на Синдикататот на УПОЗ во минатата година. Финансиската состојба е стабилна, наплатата на членарината е во предвидените рамки и според Одлуката за финансирање а трошоците на некои ставки се намалени и до 50 % што укажува на домаќинското работење со средствата.

Иста оценка беше искажана и за финансиското работење со средствата од Солидарниот фонд. И на оваа сметка е остварена добивка, која заедно со остатокот на средства од претходните години го прават овој фонд финансиски стабилен и дава гаранција дека членовите секогаш можат да се надеваат на финансиска помош, согласно Правилникот.

На седницата беше усвоена и Информацијата за одржаната 19 - та синдикална школа со одредени забелешки за неучеството на претставници од некои а посебно од поголемите синдикални организации.

Членовите на Претседателството беа информирани за одржаниот штрајк од 18 до 20 февруари 2008 година и текот на преговорите како и неговото продолжување на 31 март, доколку нема позитивен одговор на барањата.

Седницата заврши со донесување на одлука со која сите членови кои користат средства по било кој основ од Солидарниот фонд на УПОЗ или од Синдикалната организација, да немаат право да го напуштат синдикатот во рок од две години. Ваквата одлука беше донесена како превентивна со цел да се спречат манипулациите при стапувањето и истапувањето од синдикатот.


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува:
**Пецо Груевски**
• Подготовка за печат "Макформ"– Скопје
• Тираж 600 примероци